2022

ЈРП Македонска
Радиотелевизија

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ 01.10 - 31.12.2022 ГОДИНА

IV Квартал

**СОДРЖИНА**


ВОВЕД....3

ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ од 10м. до 12 м. 2022 година....3

ПРИХОДИ....4

ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА ПЕРИОД 01.10 – 31.12.2022 ГОДИНА....5

ТРОШОЦИ - РАСХОДИ....6

ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ ВО ЈРП МРТ ПО ГРУПИ ВО ПЕРИОД 01.10-31.12.2022 ГОДИНА....6

Трошоци за вработените....6

Патни и транспортни трошоци....7

Заеднички трошоци....7

Програмски права....9

Останати трошоци од работење....10

Инвестиции....10

АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.10 - 31.12.2022 ГОДИНА....10

Состојба на жиро сметки на ЈРП МРТ на 31.12.2022г. ....15

Состојбата на девизните сметки на ЈРП МРТ на 31.12.2022 година изнесува: ....15

СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА НА ЈРП МРТ НА 31.12.2022 ГОДИНА....16

РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА НА ЈРП МРТ ОД КУПУВАЧИ ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО НА 31.12.2022 ГОДИНА....16

Побарувања од купувачите во земјата....16

Побарувања од купувачите во странство....17

РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ НА ЈРП МРТ НА 31.12.2022 ГОДИНА....17

СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.12.2022 ГОДИНА....18

**ВОВЕД**

Македонската Радиотелевизија како јавен радиодифузен сервис, преку своите радио и ТВ канали, подготвува и емитува програма од областа на информирањето, образованието, науката, културата и уметноста, документарна и играна програма како и програма со музичко – забавни содржини на македонски јазик, на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, кој е различен од македонскиот јазик како и на јазикот на другите немнозински заедници. Преку радио и ТВ сателит и/или интернет, со 24 часовно времетраење, програмата на МРТ е достапна до гледачите и слушателите во европските и прекуокеанските земји.

Согласно член 5 од Законот за јавни претпријатија, ЈРП Македонска Радио Телевизија изготвува тримесечни извештаи со показатели за финансиското работење.

За реализација на програмските содржини во четвртото тримесечје од 2022 година, Македонска радио телевизија оствари приходи во вкупен износ од 392.295.057 денари и расходи во износ од 337.298.041 денар при што е остварен позитивен финансиски резултат во износ од 54.997.016 денари.

***ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ од 10м. до 12 м. 2022 година***

| ОПИС | Остварување 01.10-31.12.2021г. | | Финансиски план 2022г. | | Остварување 01.10-31.12.2022г. | | индекс | индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | износ | стр. | износ | стр. | износ | стр. | 6/2*100 | 6/4*100 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| **А.ВКУПЕН ПРИХОД** | **239,405,777** | **100.0** | **1,129,900,000** | **100.0** | **392,295,057** | **100.0** | **163.9** | **34.7** |
| **Б.ВКУПНИ ТРОШОЦИ** | **233,834,821** | **97.7** | **1,123,300,000** | **99.4** | **337,298,041** | **86.0** | **144.2** | **30.0** |
| Трошоци за вработени | 122,435,235 | 51.1 | 474,160,000 | 42.0 | 129,263,050 | 33.0 | 105.6 | 27.3 |
| Патни и транспортни трошоци | 1,704,276 | 0.7 | 10,190,000 | 0.9 | 3,533,320 | 0.9 | 207.3 | 34.7 |
| Заеднички трошоци | 42,731,393 | 17.8 | 229,480,000 | 20.3 | 51,627,519 | 13.2 | 120.8 | 22.5 |
| Програмски права | 43,460,137 | 18.2 | 342,900,000 | 30.3 | 136,832,631 | 34.9 | 314.8 | 39.9 |
| Останати трошоци од работење | 23,503,780 | 9.8 | 66,570,000 | 5.9 | 16,041,521 | 4.1 | 68.3 | 24.1 |
| **ФИНАН.РЕЗУЛТАТ (А-Б)** | **5,570,956** | | | | **54,997,016** | | | |

## ПРИХОДИ

Во периодот Октомври - Декември 2022 година во рамки на тековното работење на МРТ по сите основи реализирани се приходи во вкупен износ од 392.295.057 денари.

Основен извор на финансирање на работењето на МРТ е приходот за финансирање на радиодифузна дејност, средства кои МРТ ги добива од Буџетот на РСМ – Министерство за информатичко општество и администрација. Во анализираниот период овој приход е остварен во износ од 167.625.000 денари или 42,7% од вкупно реализираниот приход во 2022 година.

Останатите видови приходи кои се остварени во четвртиот квартал се следните:

За финансирање/постигнување на повисок степен на програмски и техничко технолошки развој, согласно Законот за ААВМУ, од Буџетот на РСМ во четвртиот квартал од 2022 година на МРТ и беа исплатени средства во вкупен износ од 162.400.000 денари.

Од услуги во странство (користење на коментаторски позиции, ISDN линии и слично) како и услуги во земјата (користење на студијата, преснимување на материјали, ангажирање на вработени за извршување на работи од заеднички интерес со останатите институции во кулата и сл.) во четвртиот квартал од 2022 година остварени се приходи во вкупен износ од 1.603.212 денари.

По основ на закуп на деловен простор остварен е приход во износ од 112.405 денари, додека пак приходот по основ на судски одлуки донесени во корист на МРТ бележи реализација во износ од 21.056 денари.

Во текот на 2022 година со откупување на правата за емитување на настани од разни области, особено спортски, МРТ создаде можност за остварување на приход по основ на продажба на подлиценци за емитување на истите. Оттука, вкупниот износ на приход во овој квартал остварен од продажба на програма и реемитување е 30.896.071 денар од кои пак, по сонов на продажба на подлиценца за емитување на Светскиот куп во фудбал EBU FIFA – Катар 2022 остварени се средства во вкупен износ од 30.847.500 денари.

Ставката останати деловни приходи има реализација во износ од 3.205.234 денари а истата опфаќа приходи од позитивни курсни разлики, приходи од камати, дополнитено утврдени приходи од минати години, отпишани обврски, наплатени отпишани побарувања по основ на РДТ и друго.

Приходот од маркетинг (РА и ТВ реклами и услуги) е остварен во износ од 26.312.516 денари. Во врска со овој приход значајно е да се напомене дека во однос на истиот период од 2021 година кога поради состојбата предизвикана со корона вирусот беа откажани голем број настани особено од областа на спортот и кога имаше намалена продажба на рекламно време, во 2022 година состојбата беше на релативно подобро ниво, односно веќе беа намалени или целосно укинати рестриктивните мерки и беше одобрено одржувањето на значајни спортски настани. Оттука, фактот што ЈРП МРТ како јавен сервис секогаш настојува на своите гледачи да им ги направи достапни најновите и актуелни програмски содржини од најразлични области, при тоа со акцент на откуп и емитување на најзначајните спортски настани, придонесе за остварување на повисок износ на реализиран приход по основ на маркетинг / продажба на рекламно време како во однос на истиот квартален период од 2021 година така и во однос на целата 2021 година.

***ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА ПЕРИОД 01.10 – 31.12.2022 ГОДИНА***

| ПРИХОДИ | Остварени приходи 01.10-31.12.2021 г. | Планирани приходи за 2022 г. | Остварени приходи 01.10-31.12.2022 г. | Индекс 4/2*100 | Индекс 4/3*100 | Структура (кол.4) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Приходи од Буџет на РМ за финансирање на радиодифузна дејност | 167,625,000 | 670,500,000 | 167,625,000 | 100.0 | 25.0 | 42.7 |
| Приход од МИОА за програмски и техничко-технолошки развој на ЈРП МРТ | 0 | 354,400,000 | 162,400,000 | 0.0 | 45.8 | 41.4 |
| Закупнини | 67,572 | 500,000 | 112,405 | 166.3 | 22.5 | 0.0 |
| Приходи од услуги во земјата | 651,955 | 3,000,000 | 868,421 | 133.2 | 28.9 | 0.2 |
| Приходи од услуги во странство (технички услуги и сл.) | 720,604 | 2,000,000 | 734,791 | 102.0 | 36.7 | 0.2 |
| Останати деловни приходи (приходи од камати, позитивни курсни разлики,отпишани обврски,наплатени отпишани побарувања од минати години и сл.) | 66,154,147 | 20,000,000 | 3,205,234 | 4.8 | 16.0 | 0.8 |
| Приходи од наплата на средства по основ на судски одлуки | 21,843 | 1,500,000 | 21,056 | 96.4 | 1.4 | 0.0 |
| Продажба на рекламно време (маркетинг) | 3,891,499 | 45,000,000 | 26,312,516 | 676.2 | 58.5 | 6.7 |
| Приходи од продажба на програма и други услуги, отстапени права и реемитување во земјата и странство | 273,157 | 32,000,000 | 30,896,071 | 11,310.7 | 96.6 | 7.9 |
| Приходи од донации | 0 | 1,000,000 | 119,564 | 0.0 | 12.0 | 0.0 |
| **СЕ ВКУПНО:** | **239,405,777** | **1,129,900,000** | **392,295,057** | **163.9** | **34.7** | **100.0** |

**ТРОШОЦИ - РАСХОДИ**

Во текот на периодот Октомври - Декември 2022 година во работењето на ЈРП МРТ остварени се трошоци во вкупен износ од 337.298.041 денари.

***ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ ВО ЈРП МРТ ПО ГРУПИ ВО ПЕРИОД 01.10-31.12.2022 ГОДИНА***

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.10-31.12.2021 г. | Финансиски план 2022г. | Остварување 01.10-31.12.2022 г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Трошоци за вработените | 122,435,235 | 474,160,000 | 129,263,050 | 105.6 | 27.3 |
| Патни и транспортни трошоци | 1,704,276 | 10,190,000 | 3,533,320 | 207.3 | 34.7 |
| Заеднички трошоци | 42,731,393 | 229,480,000 | 51,627,519 | 120.8 | 22.5 |
| Програмски права | 43,460,137 | 342,900,000 | 136,832,631 | 314.8 | 39.9 |
| Останати трошоци од работење | 23,503,780 | 66,570,000 | 16,041,521 | 68.3 | 24.1 |
| **А. ВКУПНО ТРОШОЦИ:** | **233,834,821** | **1,123,300,000** | **337,298,041** | **144.2** | **30.0** |
| | | | | | |
| **ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | |
| | | | | | |
| **Набавка на опрема** | 1,734,197 | 6,600,000 | 3,215,613 | 185.4 | 48.7 |
| | | | | | |
| **Б. ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **1,734,197** | **6,600,000** | **3,215,613** | **185.4** | **48.7** |
| | | | | | |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ (А+Б)** | **235,569,018** | **1,129,900,000** | **340,513,654** | **144.5** | **30.1** |

***Трошоци за вработените***

Групата Трошоци за вработените во четвртото тримесечје од 2022 година бележи остварување во вкупен износ од 129.263.050 денари или 27.3% од средствата планирани за оваа намена. Оваа група на трошоци ги опфаќа трошоците за бруто плати на вработените кои во анализираниот период изнесуваат 117.826.818 денари а кои се пресметуваат согласно позитивните законски прописи кои се на важност во РСМ и согласно Колективниот договор на ЈРП МРТ со кој се уредуваат сите права, обврски и одговорности на вработените во МРТ кои произлегуваат од работниот однос, понатаму трошоците за регрес за годишен одмор во износ од 9.753.484 денари, трошоците за отпремнина на вработените кои оствариле право на пензија и кои изнесуваат 513.152 денари, трошоците за јубилејни награди на вработените кои во МРТ оствариле работен стаж од 10, 20, 30 и 40 години во износ од 520.128 денари кои исто така се во согласност на Колективниот договор, како и трошоците за останати - други лични примања на вработените во износ од 255.156 денари, ставка која опфаќа надоместоци за вработените исплатени по разни основи како на пример дадена парична помош во случај на смрт на вработен во МРТ или на член на потесно семејство,

парична помош при непрекинато боледување подолго од шест месеци, елементарна непогода и слично. Просечната нето плата по работник за периодот 10 -12 месец 2022 година изнесува 39.760 денари.

### *Патни и транспортни трошоци*

Групата патни и транспортни трошоци е остварена во вкупен износ од 3.533.320 денари и истата е реализирана со 34.7% во однос на вкупно планираните средства со Годишниот финансиски план за 2022 година за оваа намена.

Трошоците за патување на екипите на МРТ за реализирање на програмски цели во земјата изнесува 383.672 денари и истата, покрај известување за тековните дневни настани, се однесува и на присуството на екипите на МРТ при пренос и известување од разни настани од областа на спортот (фудбал, одбојка, ракомет, кошарка и слично), снимања потребни за разни емисии, преноси од прослави и одбележување на настани и слично. Од патувањата пак на екипите на МРТ надвор од земјата со цел реализација на планираните и тековните активности во врска со снимање на емисии од разни жанрови и области или присуства на настани надвор од границите на државата, кои се реализирани во вкупен износ од 2.270.494 денари би ги издвоиле патувањата во: Брисел – присуство на скрининг состанок за усогласувае на Европската со домашната легислатива за поглавјето 10 со Европската комисија, Благоевград – Известување од отворањето на македонскиот културен клуб “Никола Вапцаров”, Малатија – снимање на репортажи од документарниот серијал “Приказни од ориентот” историја –култура, културно наследство, Токио- присуство на PBI - Public Broadcasting International организирано од страна на NHK – јавен радиодифузен сервис Јапонија, Женева – присуство на зимско Генерално собрание на Европската радиодифузна унија, Франкфурт – етничко новинарство – перспектива на Јавните сервиси во Југоисточна Европа и Турција и други.

### *Заеднички трошоци*

Во четвртиот квартал од 2022 година групата на заеднички трошоци бележи остварување во вкупен износ од 51.627.519 денари а ги опфаќа следните видови трошоци:

- трошоците за суровини и материјали како електричен, технички материјал и материјал за поправка и одржување со вкупно остварување од 759.971 денари,
- трошоците за останати материјали како канцелариски материјал, материјали за возен парк, заштитна облека и обувки со вкупна реализација од 309.008 денари,
- трошоците за енергија - електрична, топлотна, гориво и мазиво во вкупен остварен износ од 12.446.742 денари, а повисоката реализација во однос на минатата година се должи на порастот на цената на овие видови енергија енергија.
- ситен инвентар и автогуми во износ од 500.003 денари,

- трошоците за поштенски услуги, телефонски услуги (фиксна и мобилна телефонија) и интернет во вкупен износ од 675.961 денар и трошоците за реализација на радио и ТВ преноси - аудио и видео линии во износ од 3.254.720 денари,
- остварување во рамки на планираните средства бележат и трошоците за одржување и заштита во кои се вбројуваат трошоците за инвестиционо и тековно одржување на основните средства и градежните објекти во вкупен износ од 1.349.836 денари, трошоците за обезбедување на имот и лица кои изнесуваат 1.100.271 денари, трошоците за одржување хигиена во просториите во износ од 923.586 денари, како и трошоците за одржување на возилата на МРТ во износ од 107.867 денари и трошоците за одржување на ВЕБ страната на МРТ во износ од 250.174 денари,
- групата на комунални услуги – трошоци за вода, ѓубретарина, дератизација и слично е остварена во вкупен износ од 1.146.054 денари, реализација во рамки на планираниот износ,
- за останати услуги од работењето, односно за објава на огласи и конкурси, за шпедитерски услуги, за регистрација на моторни возила и слично реализирани се трошоци во вкупен износ од 813.418 денари. Значајно е да се напомене дека реализацијата во рамки на оваа група на трошоци во најголем обем произлегува од ставката трошоци за објава на огласи и конкурси која се однесува на објавени огласи за нови вработувања за чие спроведување неколку години наназад се чекаше согласност од страна на државните институции и кое конечно се реализираше кон крајот на 2022 година односно во четвртиот квартал од годината,
- за опремата која се користи во МРТ пресметани се трошоци за амортизација на основни средства и истите изнесуваат 13.250.159 денари,
- вредносното усогласување на побарувањата по разни основи во земјата и странство, и обезвреднување на нетековни и тековни средства е сметководствена категорија која се искажува на крајот на годината и која за 2022 година изнесува 4.139.266 денари а се однесува на вредносно усогласување на залихите на суровини, материјали, автогуми, производи и стоки во магацин и слично,
- трошоците за репрезентација се реализирани во износ од 326.576 денари,
- трошоците за осигурување на движен и недвижен имот во износ од 31.374 денари,
- трошоците за банкарски услуги се остварени во износ од 154.606 денари и истите опфаќаат реализација на платен промет во земјата и странство,
- за надомест за членовите на Програмскиот совет и Надзорниот одбор на МРТ реализирани се трошоци во износ од 3.461.786 денари и истите се пресметуваат и исплатуваат согласно Законот за ААВМУ,
- трошоците за даноци (данок на недвижности, данок на приход за исплати во странство, задржан данок) бележат остварување во износ од 2.408.955 денари кое се однесува на платен данок на странски правни лица за откуп на права за емитување на спортски настани кои во 2022 година беа емитувани во зголемен обем, како и на откуп на филмови и серии како и останати видови соработка,

- дополнително утврдените расходи од минати години остварени со износ од 565.152 денари опфаќаат расходи по основ на фактури доставени од комитентите во анализираниот период а кои се однесуваат на договори склучени во минати години,

***Програмски права***

Групата на трошоци за откуп на права за емитување на програма во периодот октомври-декември е остварена во вкупен износ од 136.832.631 денари што претставува 39.9% реализација на планот за 2022 година за оваа намена.

За откуп на права за пренос и емитување на спортски настани реализацијата на трошоци во анализираниот период изнесува 38.876.751 денари и истата се однесува на пристигнати фактури по основ на откуп на права за пренос и емитување на Фифа – светски куп во фудбал 2022, македонски фудбал, биатлон, уметничко лизгање и УЕФА европски младински првенства во фудбал.

Ставката останати програмски права е реализирана во износ од 53.755.041 денари и таа во овој период опфаќа трошоци за размена на вести односно координација на радио вести и радио спорт од странство, лиценцирани вести од интернет, трошоци за откуп на права за емитување на документарни емисии, информативни емисии, емисии од едукативен и забавен карактер и слично како и најразновидни ТВ проект Агенда 35, ТВ шоу Џентлмен магазин, ТВ емисии со наслов 7 минути здравје, ТВ проект Приказна, ТВ емисија заеднички поглед на Европа – Балкан погледи, ТВ проекти со наслови Гурманија, Фауна ,ТВ серијали ВИП Дадилка, Тетка Ѓула и други.

Трошоците за копродукциски проекти изнесуваат 38.831.157 денари и опфаќаат реализација на договори за заедничка соработка со комитенти за снимање и емитување на серијали од најразновидни жанрови како и за реализација на емисии од областа на модата, музиката, сообраќајот, забавно-контактни емисии, детски емисии и слично, какви што се на пример ТВ серијалот на албански јазик Во туѓа куќа, Лабораторија – истражувачко новинарство од ИРЛ, емисијата со наслов Арт Црафтс, образовен серијал за деца Авантурите на пиратите, потоа ТВ серијалот Народни приказни на албански јазик, ТВ серијал Куќен притвор, играна програма Преспав, новогодишна програма и други.

Трошоците во износ од 5.369.682 денари се однесуваат на откуп на права за емитување на филмови од најразлични жанрови.

### *Останати трошоци од работење*

Оваа група на трошоци бележи вкупна реализација по пристигнати фактури во износ од 16.041.521 денари. Истата ги опфаќа трошоците за ангажирање на надворешни лица преку авторска агенција за склучување на авторски договори и договори за соработка остварени во износ од 5.171.886 денари, трошоците за адвокатски и нотарски услуги во износ од 185.666 денари. Оваа група ги опфаќа и трошоците за добивање услуги за пренос на програма на МРТ САТ 1 и 2 преку сателит во износ од 2.062.299 денари, трошоците за учество на јуниорски евросон во износ од 2.058.580 денари како и трошоците за годишни членарини – ЕБУ, ЦИРКОМ во износ од 3.594.594 денари и трошоците за мало авторско право ЗАМП во износ од 2.666.547 денари.

### *Инвестиции*

Во делот на инвестициони активности, во анализираниот период набавени се софтверска лиценца, моталица – аудио кабел, клима уреди и УПС уред во вкупен износ од 3.215.613 денари.

### *АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.10 - 31.12.2022 ГОДИНА*

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.10-31.12.2021 г. | Финансиски план 2022г. | Остварување 01.10-31.12.2022 г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **Трошоци за вработените** | | | | | |
| ***1) Трошоци за вработените*** | | | | | |
| Бруто плати за вработени | 111,969,278 | 458,000,000 | 117,826,818 | 105.2 | 25.7 |
| Регрес за годишен одмор | 8,834,364 | 9,760,000 | 9,753,484 | 110.4 | 99.9 |
| Отпремнина за одење во пензија | 575,756 | 3,850,000 | 513,152 | 89.1 | 13.3 |
| Други лични примања -останати видови надоместоци и помош на вработени | 485,480 | 850,000 | 255,156 | 52.6 | 30.0 |
| Јубилејни награди за вработени и пригодни подароци за пензионирање | 563,277 | 450,000 | 520,128 | 92.3 | 115.6 |
| Трошоци за здравствени услуги | 0 | 600,000 | 1,600 | 0.0 | 0.3 |
| Трошоци за едукација | 7,080 | 650,000 | 392,712 | 5,546.8 | 60.4 |
| **Вкупно 1- Трошоци за вработените** | **122,435,235** | **474,160,000** | **129,263,050** | **105.6** | **27.3** |
| **Патни и транспортни трошоци** | | | | | |
| ***2)Патни трошоци*** | | | | | |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во земјата | 510,129 | 2,350,000 | 383,672 | 75.2 | 16.3 |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во странство | 753,559 | 5,000,000 | 2,270,494 | 301.3 | 45.4 |
| Превоз за службени патувања во земјата | 0 | 50,000 | 1,300 | 0.0 | 2.6 |
| Превоз за службени патувања во странство | 13,404 | 1,050,000 | 530,178 | 3,955.4 | 50.5 |
| Сопствено возило за службени потреби | 203,234 | 840,000 | 200,984 | 98.9 | 23.9 |
| Услуги за патарина, останати услуги од патувања | 55,080 | 250,000 | 40,430 | 73.4 | 16.2 |
| **Вкупно 2** | **1,535,406** | **9,540,000** | **3,427,058** | **223.2** | **35.9** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.10-31.12.2021 г. | Финансиски план 2022г. | Остварување 01.10-31.12.2022 г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***3)Транспортни услуги*** | | | | | |
| Услуги за такси превоз | 168,870 | 450,000 | 106,262 | 62.9 | 23.6 |
| Услуги за превоз на вработени | 0 | 200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 3** | **168,870** | **650,000** | **106,262** | **62.9** | **16.3** |
| **Вкупно патни и транспортни трошоци** | **1,704,276** | **10,190,000** | **3,533,320** | **207.3** | **34.7** |
| **Заеднички трошоци** | | | | | |
| ***4)Трошоци за суровини и материјали*** | | | | | |
| Електричен материјал | 331,307 | 700,000 | 444,694 | 134.2 | 63.5 |
| Технички материјал | 555,616 | 1,370,000 | 147,902 | 26.6 | 10.8 |
| Материјал за поправка и одржување | 197,317 | 200,000 | 167,375 | 84.8 | 83.7 |
| **Вкупно 4** | **1,084,240** | **2,270,000** | **759,971** | **70.1** | **33.5** |
| ***5)Трошоци за останати материјали*** | | | | | |
| Канцелариски материјал | 194,554 | 1,350,000 | 254,296 | 130.7 | 18.8 |
| Материјал за возен парк и останати материјали | 3,317 | 300,000 | 54,712 | 1,649.4 | 18.2 |
| Заштитна облека и обувки, ХТЗ опрема | 0 | 250,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 5** | **197,871** | **1,900,000** | **309,008** | **156.2** | **16.3** |
| ***6)Трошоци за енергија*** | | | | | |
| Трошоци за електрична енергија | 2,471,949 | 69,000,000 | 7,436,862 | 300.9 | 10.8 |
| Трошоци за топлотна енергија | 3,664,972 | 12,000,000 | 4,421,854 | 120.7 | 36.8 |
| Трошоци за гориво и мазиво | 735,944 | 3,000,000 | 588,026 | 79.9 | 19.6 |
| **Вкупно 6** | **6,872,865** | **84,000,000** | **12,446,742** | **181.1** | **14.8** |
| ***7)Трошоци за ситен инвентар и авто гуми*** | | | | | |
| Ситен инвентар и автогуми | 1,741,435 | 1,500,000 | 500,003 | 28.7 | 33.3 |
| **Вкупно 7** | **1,741,435** | **1,500,000** | **500,003** | **28.7** | **33.3** |
| ***8)Поштенски, телефонски услуги, интернет, аудио и видео линии*** | | | | | |
| Телефонски трошоци-фиксна телефонија | 92,130 | 600,000 | 86,860 | 94.3 | 14.5 |
| Телефонски трошоци-мобилни телефонија | 508,701 | 2,100,000 | 469,009 | 92.2 | 22.3 |
| Трошоци за интернет | 200,648 | 800,000 | 84,639 | 42.2 | 10.6 |
| Поштарина | 29,314 | 300,000 | 35,453 | 120.9 | 11.8 |
| Трошоци за користење на аудио и видео линии | 2,471,204 | 15,000,000 | 3,254,720 | 131.7 | 21.7 |
| **Вкупно 8** | **3,301,997** | **18,800,000** | **3,930,681** | **119.0** | **20.9** |
| ***9)Услуги за одржување и заштита*** | | | | | |
| Агенциски услуги за обезбедување на објектите на МРТ | 1,068,318 | 4,500,000 | 1,100,271 | 103.0 | 24.5 |
| Инвестиционо и тековно одржување на основни средства | 2,413,011 | 3,500,000 | 1,142,628 | 47.4 | 32.6 |
| Инвестиционо и тековно одржување на градежни објекти | 637,865 | 1,000,000 | 207,208 | 32.5 | 20.7 |
| Одржување на возила | 144,433 | 2,500,000 | 107,867 | 74.7 | 4.3 |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.10-31.12.2021 г. | Финансиски план 2022г. | Остварување 01.10-31.12.2022 г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Одржување на алат, ситен инвентар, ГПС уреди | 6,514 | 150,000 | 14,007 | 215.0 | 9.3 |
| Услуги за одржување на ВЕБ страна на МРТ | 250,174 | 1,000,000 | 250,174 | 100.0 | 25.0 |
| Агенциски услуги за одржување хигиена | 700,920 | 3,700,000 | 923,586 | 131.8 | 25.0 |
| Заштитни материјали, хигиенски и медицински средства за заштита на вработените од корона вирус | 0 | 350,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 9** | **5,221,235** | **16,700,000** | **3,745,741** | **71.7** | **22.4** |
| ***10)Комунални услуги*** | | | | | |
| Гаражирање и паркирање на возила | 1,100 | 30,000 | 530 | 48.2 | 1.8 |
| Дератизација, дезинсекција и дезинфекција | 116,550 | 300,000 | 29,763 | 25.5 | 9.9 |
| Трошоци за ѓубретарина | 205,239 | 950,000 | 207,601 | 101.2 | 21.9 |
| Трошоци за вода | 650,861 | 3,600,000 | 908,160 | 139.5 | 25.2 |
| **Вкупно 10** | **973,750** | **4,880,000** | **1,146,054** | **117.7** | **23.5** |
| ***11)Останати услуги од работењето*** | | | | | |
| Заверка на пасоши,визи и слично | 0 | 100,000 | 20,400 | 0.0 | 20.4 |
| Трошоци за огласи и конкурси | 752,226 | 1,200,000 | 775,704 | 103.1 | 64.6 |
| Трошоци за регистрација на возила, полномоштва и друго | 9,549 | 300,000 | 13,849 | 145.0 | 4.6 |
| Шпедитерски услуги, царински услуги и брза пошта | 0 | 50,000 | 3,465 | 0.0 | 6.9 |
| Трошоци за противпожарна заштита (полнење на ПП боци, сервисирање на ПП апарати) | 0 | 350,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 11** | **761,775** | **2,000,000** | **813,418** | **106.8** | 40.7 |
| ***12)Трошоци за амортизација, трошоци за резервирани средства по судски предмети и слично*** | | | | | |
| Амортизација на основни средства | 15,310,452 | 58,300,000 | 13,250,159 | 86.5 | 22.7 |
| **Вкупно 12** | **15,310,452** | **58,300,000** | **13,250,159** | 86.5 | **22.7** |
| ***13)Вредносно усогласување (обезвреднување) и траен отпис*** | | | | | |
| Вредносно усогласување на вложувања,ревалоризација на обврски,побарувања од купувачите и отпис на побарувања (РДТ и други побарувања) и останато | 1,141,236 | 2,350,000 | 4,139,266 | 362.7 | 176.1 |
| **Вкупно 13** | **1,141,236** | **2,350,000** | **4,139,266** | **362.7** | **176.1** |
| ***14)Трошоци за реклама, промоција, пропаганда и репрезентација*** | | | | | |
| Трошоци за репрезентација | 185,777 | 700,000 | 326,576 | 175.8 | 46.7 |
| **Вкупно 14** | **185,777** | **700,000** | **326,576** | **175.8** | **46.7** |
| ***15)Премии за осигурување*** | | | | | |
| Премии за осигурување | 244,516 | 1,500,000 | 31,374 | 12.8 | 2.1 |
| **Вкупно 15** | **244,516** | **1,500,000** | **31,374** | **12.8** | **2.1** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.10-31.12.2021 г. | Финансиски план 2022г. | Остварување 01.10-31.12.2022 г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***16)Банкарски услуги и трошоци во платен промет*** | | | | | |
| Такси за истакнување фирма | 0 | 10,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Банкарски услуги | 104,307 | 550,000 | 154,606 | 148.2 | 28.1 |
| **Вкупно 16** | **104,307** | **560,000** | **154,606** | **148.2** | **27.6** |
| ***17)Останати трошоци од работење*** | | | | | |
| Услуги за атестирање, изработка на елаборат за безбедност и заштита при работа | 0 | 120,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за стручна литература и списанија | 0 | 150,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 17** | **0** | **270,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| ***18)Трошоци за надомест и други примања на членови и Надзорен одбор и Програмски совет*** | | | | | |
| Надомест за членови на Надзорен одбор и Програмски совет | 1,783,082 | 9,000,000 | 3,461,786 | 194.1 | 38.5 |
| **Вкупно 18** | **1,783,082** | **9,000,000** | **3,461,786** | **194.1** | **38.5** |
| ***19)Даноци, судски такси и друго*** | | | | | |
| Даноци | 679,363 | 4,500,000 | 2,408,955 | 354.6 | 53.5 |
| Судски трошоци и административни такси | 25,646 | 300,000 | 22,313 | 87.0 | 7.4 |
| **Вкупно 19** | **705,009** | **4,800,000** | **2,431,268** | **344.9** | **50.7** |
| ***20)Казни,пенали,надомест на штети*** | | | | | |
| Казни, пенали, надомест на штети | 12,339 | 200,000 | 65,389 | 529.9 | 32.7 |
| **Вкупно 20** | **12,339** | **200,000** | **65,389** | **529.9** | **32.7** |
| ***21)Дополнително утврдени расходи од минати години*** | | | | | |
| Дополнително утврдени расходи од минати години, останати расходи од работење | 418,953 | 10,300,000 | 565,152 | 134.9 | 5.5 |
| **Вкупно 21** | **418,953** | **10,300,000** | **565,152** | **134.9** | **5.5** |
| ***22)Камати од работење и затезни камати*** | | | | | |
| Камати од работење и затезни камати | 1,434,518 | 6,000,000 | 1,458,528 | 101.7 | 24.3 |
| **Вкупно 22** | **1,434,518** | **6,000,000** | **1,458,528** | **101.7** | **24.3** |
| ***23)Негативни курсни разлики*** | | | | | |
| Негативни курсни разлики | 1,076,437 | 2,600,000 | 1,941,388 | 180.4 | 74.7 |
| **Вкупно 23** | **1,076,437** | **2,600,000** | **1,941,388** | **180.4** | **74.7** |
| ***24)Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1.000 евра*** | | | | | |
| Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1.000 евра | 159,599 | 850,000 | 150,409 | 94.2 | 17.7 |
| **Вкупно 24** | **159,599** | **850,000** | **150,409** | **94.2** | **17.7** |
| **Вкупно заеднички трошоци** | **42,731,393** | **229,480,000** | **51,627,519** | **120.8** | **22.5** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.10-31.12.2021 г. | Финансиски план 2022г. | Остварување 01.10-31.12.2022 г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **Програмски права** | | | | | |
| ***25)Програмски права*** | | | | | |
| Права за филмови | 905,000 | 25,000,000 | 5,369,682 | 593.3 | 21.5 |
| Останати програмски права | 14,091,956 | 100,000,000 | 53,755,041 | 381.5 | 53.8 |
| Надомест за фестивал ЕВРОСОНГ | 0 | 2,500,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Надомест за фестивали | 363,883 | 400,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Права за спортски настани | 24,296,014 | 97,000,000 | 38,876,751 | 160.0 | 40.1 |
| Копродукциски проекти | 3,803,284 | 118,000,000 | 38,831,157 | 1,021.0 | 32.9 |
| **Вкупно 25-програмски права** | **43,460,137** | **342,900,000** | **136,832,631** | **314.8** | **39.9** |
| **Останати трошоци од работење** | | | | | |
| ***26)Наемнини*** | | | | | |
| Останати наемнини (наем на опрема и недвижнини) | 45,045 | 300,000 | 54,996 | 122.1 | 18.3 |
| **Вкупно 26** | **45,045** | **300,000** | **54,996** | **122.1** | **18.3** |
| ***27)Останати трошоци од работење*** | | | | | |
| Адвокатски и нотарски услуги | 35,624 | 400,000 | 185,666 | 521.2 | 46.4 |
| Ревизија на финансиски извештаи | 0 | 1,000,000 | 15 | 0.0 | 0.0 |
| Услуги за вештачење | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Технички услуги | 3,039,301 | 2,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за опремување сцена | 100,240 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Интелектуални услуги (преведувачки услуги,изработка на проекти,елаборати, стручни мислења и слично) | 0 | 650,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Информативни услуги од агенции во земјата и странство | 0 | 50,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Авторски договори-авторска агенција | 3,913,890 | 21,000,000 | 5,171,886 | 132.1 | 24.6 |
| Трошоци за проект Евровизија | 1,449,629 | 2,400,000 | 2,058,580 | 142.0 | 85.8 |
| Трошоци за судски извршители | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Надомест за наем на сателитски сегмент | 1,163,214 | 8,300,000 | 2,062,299 | 177.3 | 24.8 |
| **Вкупно 27** | **9,701,898** | **36,000,000** | **9,478,446** | **97.7** | **26.3** |
| ***28)Членарини, котизации,такси,ЗАМП,останати услуги*** | | | | | |
| Годишни членарини - (ЕБУ, ЦИРКОМ, ЕРНО) | 3,197,776 | 14,400,000 | 3,594,594 | 112.4 | 25.0 |
| Котизации и акредитации | 0 | 400,000 | 245,438 | 0.0 | 61.4 |
| Мало авторско право (ЗАМП) | 10,559,061 | 11,000,000 | 2,666,547 | 25.3 | 24.2 |
| Надомест за Агенција за филм согласно Закон за филмска дејност | 0 | 4,350,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 28** | **13,756,837** | **30,150,000** | **6,506,579** | **47.3** | **21.6** |
| ***29)Материјали и услуги за дигитализација*** | | | | | |
| Набавка на дигитални технички материјали и услуги | 0 | 120,000 | 1,500 | 0.0 | 1.3 |
| **Вкупно 29** | **0** | **120,000** | **1,500** | **0.0** | 1.3 |
| **Вкупно останати трошоци од работење** | **23,503,780** | **66,570,000** | **16,041,521** | **68.3** | **24.1** |
| **А.ВКУПНО ТРОШОЦИ** | **233,834,821** | **1,123,300,000** | **337,298,041** | **144.2** | **30.0** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.10-31.12.2021 г. | Финансиски план 2022г. | Остварување 01.10-31.12.2022 г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **Б.ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | |
| Набавка на опрема и инвестиции | 1,734,197 | 6,600,000 | 3,215,613 | 185.4 | 48.7 |
| **Б.ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **1,734,197** | **6,600,000** | **3,215,613** | 185.4 | 48.7 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ (А+Б)** | **235,569,018** | **1,129,900,000** | **340,513,654** | **144.5** | **30.1** |

***Состојба на жиро сметки на ЈРП МРТ на 31.12.2022г.***

Состојбата на денарските сметки на ЈП МРТ на 31.12.2022 година изнесува:

- Комерцијална банка 1,668,692.00 ден.
- Халк банка 42,247.00 ден.
- Стопанска банка 155,125.00 ден.
- Тутунска банка 292,973.00 ден.
- Шпаркасе банка 165,504.00 ден.
- Алфа банка ( СИЛК Роад) 258,014.00 ден.

*Вкупно на сметки :* **2,582,555.00 ден**.

***Состојбата на девизните сметки на ЈРП МРТ на 31.12.2022 година изнесува:***

- Стопанска банка 127.22 УСД
- Комерцијална банка 0 ЕУР
  2,963.69 АУД
  126.09 ДКК
- Прокредит банка 3,666.25 ЕУР

## *СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА НА ЈРП МРТ НА 31.12.2022 ГОДИНА*

## *РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА НА ЈРП МРТ ОД КУПУВАЧИ ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО НА 31.12.2022 ГОДИНА*

| ОПИС | Состојба на 31.12.2021 | Состојба на 31.12.2022 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2)*100 |
| Побарувања од купувачите во земјата | 2,078,330,531 | 2,080,761,250 | 100.1 |
| Побарувања од купувачите во странство | 41,083,080 | 71,371,912 | 173.7 |
| Вредносно усогласување на побарувањата од купувачите | -2,106,382,784 | -2,082,664,130 | 98.9 |
| **Вкупно:** | **13,030,827** | **69,469,032** | **533.1** |

### *Побарувања од купувачите во земјата*

| ОПИС | Состојба на 31.12.2021 | Состојба на 31.12.2022 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2)*100 |
| - редовни побарувања | 2,037,439,870 | 2,056,640,159 | 100.9 |
| - побарувања за кои се поведени судски постапки за присилна наплата | 40,890,661 | 24,121,091 | 59.0 |
| - вредносно усогласување на побарувањата од купувачите | -2,066,738,952 | -2,043,436,315 | 98.9 |
| **Вкупно:** | **11,591,579** | **37,324,935** | **322.0** |

Вкупните ненаплатени побарувања од купувачите во странство со состојба на 31.12.2022 година изнесуваат вкупно 37.324.935 денари и истите се однесуваат на следните видови услуги:

| ОПИС | Состојба на 31.12.2021 | Состојба на 31.12.2022 | индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2)*100 |
| - ненаплатени побарувања по основ на радиодифузна такса (обврска на УЈП) | 2,025,159,414 | 2,019,782,756 | 99.7 |
| - радио и телевизиски реклами | 8,082,137 | 31,656,887 | 391.7 |
| - радио и телевизиски услуги | 113,627 | 7,353 | 6.5 |
| - закуп на основни средства | 103,720 | 139,687 | 134.7 |
| - побарувања од корисници на Кулата на МРТ (вода,струја,закуп и сл.) | 3,574,018 | 4,646,522 | 130.0 |
| - побарувања по основ на спогодби | 406,954 | 406,954 | 100.0 |
| - тужени побарувања (за реклами, закупнини и др.) | 40,890,661 | 24,121,091 | 59.0 |
| - вредносно усогласување на побарувањата од купувачите | -2,066,738,952 | -2,043,436,315 | 98.9 |
| **Вкупно:** | **11,591,579** | **37,324,935** | **322.0** |

### *Побарувања од купувачите во странство*

Вкупните ненаплатени побарувања од купувачите во странство со состојба на 31.12.2022 година изнесуваат вкупно 32.144.097 денари а се однесуваат на следните видови услуги:

| ОПИС | Состојба на 31.12.2021 | Состојба на 31.12.2022 | индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2)*100 |
| - Купувачи во странство (тужени побарувања од отстапени права) | 36,011,931 | 35,590,351 | 98.8 |
| - ТВ услуги | 541,233 | 540,058 | 99.8 |
| - технички услуги | 2,816,646 | 3,020,959 | 107.3 |
| - побарувања од закупнини | 16,822 | 16,786 | 99.8 |
| - отстапени права | 1,093,692 | 31,031,648 | 2,837.3 |
| - фестивали во странство | 316,951 | 871,982 | 275.1 |
| - побарувања од спонзорства во странство | 285,805 | 300,128 | 105.0 |
| - вредносно усогласување на побарувањата од купувачите | -39,643,832 | -39,227,815 | 99.0 |
| **Вкупно:** | **1,439,248** | **32,144,097** | **2,233.4** |

## *РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ НА ЈРП МРТ НА 31.12.2022 ГОДИНА*

| ОПИС | состојба на 31.12.2021 год. | состојба на 31.12.2022 год. |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| **Краткорочни обврски** | **384,053,871** | **342,561,379** |
| Обврски кон добавувачите во земјата | 104,195,178 | 82,418,642 |
| Обврски кон добавувачите во странство | 21,561,202 | 21,678,298 |
| Краткорочни обврски за даноци (ДДВ,ДД.ПД) даноци и придонеси на плата,камати по истите | 37,459,332 | 42,312,198 |
| Обврски спрема вработените | 26,612,577 | 27,259,682 |
| Обврски за авторски договори | 9,627 | 7,867 |
| Краткорочни обврски МФ (доспена камата и главен долг за Лондонски и Париски клуб) | 151,352,374 | 149,163,078 |
| Останати краткорочни обврски | 673,711 | 819,959 |
| Краткорочни обврски за заеми (камата и главен долг АД Аеродроми) | 13,996,970 | 13,996,970 |
| Резервирања по основ на судски спорови (камата и главен долг, ММИ, УЈП) | 28,192,900 | 4,904,685 |
| **Долгорочни обврски** | **192,177,436** | **153,872,878** |
| Долгорочни обврски кон добавувачи во земјата | 8,375,445 | 5,234,667 |
| Репрограмирани обврски за ДДВ, ДД и камати по истите | 35,218,866 | 12,975,366 |
| Долгорочни кредити и заеми (АД Аеродроми) | 148,583,125 | 135,662,845 |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ** | **576,231,307** | **496,434,257** |

Вкупните обврски на 31.12.2022 година изнесуваат 496.434.257 денари и во услови на намален приход од средствата за финансирање на радиодифузна дејност, истите, како резултат на максималните напори кои се преземаат за нивно навремено сервисирање, намалени се за 79.797.050 денари во однос на состојбата на 31.12.2021 година.

## *СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.12.2022 ГОДИНА*

Состојбата на вработените во ЈРП МРТ на 31.12.2022 година изнесува вкупно 681 лица, што е повеќе за 40 лица или 6.2% во однос на состојбата на 30.09.2022 година.

СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.12.2022 ГОДИНА ПО КВАЛИФИКАЦИИ

| | Д-р | М-р | ВСС | ВС | ССС | КВ | НСС | ВКУПНО | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 30.09.2022 | 1 | 37 | 297 | 9 | 278 | 16 | 3 | 641 | |
| 31.12.2022 | 1 | 42 | 329 | 5 | 289 | 13 | 2 | 681 | 40 |
| структура 31.12.2022г.(%) | 0.1 | 6.2 | 48.3 | 0.7 | 42.4 | 1.9 | 0.3 | 100.0 | 6.2 |

СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.12.2022 ГОДИНА ПО НАЦИОНАЛНОСТ

| | македонци | албанци | турци | срби | власи | роми | бошњаци | црногорци | останато | вкупно | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 30.09.2022 | 438 | 139 | 25 | 20 | 6 | 5 | 4 | 2 | 2 | 641 | |
| 31.12.2022 | 461 | 154 | 26 | 19 | 6 | 7 | 4 | 2 | 2 | 681 | 40 |
| структура 31.12.2022г. (%) | 67.7 | 22.6 | 3.8 | 2.8 | 0.9 | 1.0 | 0.6 | 0.3 | 0.3 | 100.0 | 6.2 |

Во текот на четвртото тримесечје односно во периодот Октомври-Декември 2022 година во ЈРП МРТ нововработени се 48 лица (14 лица со ВСС и 34 лица со ССС ) во делот на програма и програмски потреби и во останатите служби а според потребите за пополнување на испразнетите работни места поради пензионирање.

Во истиот период вкупно 6 лица го прекинале договорот за вработување со МРТ и тоа: 4 лица по основ на стекнување на правото на пензионирање, од кои 1 уредник на програма со ВСС, 1 новинар со ССС, 1 референт со ССС и 1 рефернт со НСС. Во текот на месец Декември уште 4 лица се стекнале но право на пензија но тие нема да бидат вклучени во вкупниот број на вработени и пресметката за плата веќе од јануари 2023 година. Поради неоправдано отсуство подолго од 3 работни дена едно лице, монтажер со ВСС е заминато со прекин на Договорот за вработување без отказен рок, додека пак едно лице, возач со ССС е починато.

Скопје, Март 2023 година

Директор на ЈРП МРТ

Марјан Цветковски